**До: Сите заинтересирани страни**

**Предмет: Барање на понуда за хотелско сместување и угостителски услуги**

Почитувани,

Организација ЖЕНА Делчево, во рамките на проектот „Ние можеме еднакво' финансиски поддржан од The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска, има потреба од прибирање на понуди за реализирање на обука. Обуката ќе се реализира во период од 04.09.2024-06.09.2024 година (две ноќевања) и на истиот планирано е да присуствуваат 11 лица. Сместувањето ќе биде во еднокреветни соби.

Вашата понуда треба да гласи до Организација ЖЕНА Делчево е и да содржи:

– Хотелско сместување (еднокреветна соба, доручек, ручек, вечера) за 11 лица, за две ноќевања, пристигнување на 04.09.2024 (почнување со ручек) и заминување на 06.09.2024 година (после ручек)

– Цена на кафе (турско кафе, нес, еспресо, капучино, макијато, чај) – предвидено е да има 5 кафе паузи

– Цена на вода за време на сесиите

– Цена за безалкохолен пијалок за време на ручекот и вечерата

– Цена на дополнителен ручек за учесниците на денот на пристигнувањето

– Цена за користење на сала за состаноци и друга дополнителна опрема.

Цената на понудата да биде изразена по лице.

НАПОМЕНА: Цените да бидат изразени во МКД со пресметан ДДВ.

Сите заинтересирани страни понудите треба да ги достават на адреса Организација ЖЕНА Делчево, ул.„Маршал Тито" бр.104 1/3, 2320 Делчево или на нашата емаил адреса: ozdelcevo@gmail.com, а најдоцна до 25.08.2024 ( Четврток) до 16 часот.

Организација ЖЕНА Делчево

Делчево, 15.08.2024 година

KVINNA KVINNA

Sweden Sverige